**20200761236**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 24 март 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ АВИОНСКИ ПРЕВОЗ НА МАКЕДОНСКИ ГРАЃАНИ СО МОМЕНТАЛЕН ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

За време на постоење на вонредна состојба прогласена во државата, по претходно прибавена листа од Министерството за надворешни работи на пријавени патници, македонски граѓани со моментален престој во странство се организира авионски превоз со цел пренесување на македонските граѓани на територија на Република Северна Македонија.

Член 2

За авионскиот превоз на македонските граѓани со моментален престој во странство Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува јавен повик по дестинација и број на патници врз основа на доставените листи од страна на Министерството за надворешни работи, со цел прибирање на понуди за чартер летови од градовите во Европа до Република Северна Македонија.

По објавување на јавниот повик од страна на Генералниот секретаријат крајниот рок за прибирање понуди е 12 часа од моментот на објавување на повикот.

Критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниската цена.

Генералниот секретаријат ќе склучи договор и ќе изврши плаќање на избраната најповолна понуда врз основа на дадениот критериум за избор.

Член 3

Лицата при влез во авионот потпишуваат договор помеѓу нив и Владата на Република Северна Македонија во кој гарантираат дека ќе ја исплатат сумата определена за авионскиот билет на сметка на Владата на Република Северна Македонија и пополнуваат Изјава дека се согласни по пристигнување на територија на Република Северна Македонија да бидат сместени во објектите за државен карантин во траење од 14 дена.

Лицата ќе бидат превземени од Меѓународниот аеродром Скопје, со организиран превоз до местата определени за државен карантин.

Лицата кои ќе патуваат имаат рок од 15 дена од денот на пристигнувањето да извршат уплата на сумата за авиобилетите согласно склучениот договор, на образец ПП-50 на следниов начин:

Назив на примач: Буџет на Република Северна Македонија
Трансакциска сметка 100 000000063095
Сметка на корисник 630010001963019

Приходно конто 725939 00

Цел на дознака: Враќање средства на сметка 040010007863713, расходно конто 420220 потпрограма 10.

Договорот од став 1 од овој член има својство на извршна исправа и може да биде предмет на извршување во случај на неисполнување на обврската од договорната страна.

Изјавата и Договорот од овој член се составен дел на оваа уредба.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2497/1
24 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АВИОНСКИ ПРЕВОЗ

Склучен на ден _____________година во _____________помеѓу:

1. Влада на Република Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, Скопје со ЕМБ 4064674 и даночен број 4030990253430, застапуван од д-р Драги Рашковски, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија(во натамошниот текст давател на услугата), и

2.Име и презиме ____________________________________________

од ___________________________________________________,

со адреса ул.___________________________________________

со ЕМБГ______________________________

број на пасош______________________________,

(доколку лицето е малолетно)

Застапник ____________________________________________________________

од ____________________________________________________,

со адреса ул.___________________________________________

со ЕМБГ______________________________

број на пасош______________________________,

законски застапник во својство на __________________________________

(во натамошниот текст корисник на услугата).

Член 1

Предмет на овој договор е организирање на авионски превоз до Република Северна Македонија на корисникот на услугата, заради спроведување на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин и Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредната состојба, согласно Уредбата со законска сила за организирање на авионски превоз на македонски граѓани со моментален престој во странство на територијата на Република Северна Македонија за време на вонредна состојба.

Член 2

Давателот на услугата се обврзува:

- да организира авионски превоз од _____________________________________ ( аеродром, град), во _________________(држава) до Меѓународниот аеродром Скопје – Скопје/ Република Северна Македонија.

Член 3

Корисникот на услугата се обврзува:

- во рок од 15 дена од денот на пристигнувањето во Република Северна Македонија да извршат уплата на средствата во висина на цената за авиобилетот на сметка на давателот на услугата, во вкупен износ од - ______________________ денари.

  - уплата на средствата во висина на цената на авиобилетот да го изврши на образец ПП-50 на следниов начин:

  **Назив на примач: Буџет на Република Северна Македонија**
  **Транс.сметка 100 000000063095**
  **Сметка на корисник 630010001963019**
  **Приходно конто 725939 00**
  **Во цел на дознака: Враќање средства на сметка 040010007863713, расходно конто 420220 потпрограма 10**

Член 4

Договорните страни се согласни овој договор да има извршна клаузула, односно да има својство на извршна исправа врз основа на која во случај не неисполнување на обврските од договорот на една од договорните страни, другата договорна страна може да побара непосредно извршување на договорот, во својство на доверител, согласно Законот за извршување.

Член 5

Овој договор се смета за склучен и стапува на сила во моментот на потпишување од страна на двете договорни страни.

Член 6

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применува Законот за облигациони односи,.

Член 7

Евентуалните спорови во врска со реализацијата на овој договор договорните страни ќе ги решаваат меѓусебно спогодбено и по мирен пат. Доколку договорните страни не постигнат спогодбено решение за настанатиот спор, согласни се истите да ги решаваат пред надлежен суд.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
д-р Драги Рашковски

корисник / застапникот
име и презиме и потпис

Врз основа на член 3 од Уредбата за со законска сила за организирање на авионски превоз на македонски граѓани со моментален престој во странство на територија на Република Северна Македонија за време на вонредна состојба, ја давам следната

И З Ј А В А

Јас ________________________________________________, со адреса ________________________________________________________ со ЕМБГ ___________________________ ИЗЈАВУВАМ дека сум запознаен дека во рок од 15 дена од денот на пристигнување во Република Северна Македонија сум должен да ги исплатам средствата во висина на цената за авиобилетот на сметка на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за организирање на авиопревозот од _______________________________ до Меѓународниот аеродром Скопје-Скопје.

Исто така ИЗЈАВУВУВАМ дека сум согласен/а дека по пристигнувањето во Република Северна Македонија ќе бидам сместен/а во државен карантин најмалку 14 дена.

Датум

ИЗЈАВУВА

Име и презиме и потпис